ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
Бр. 03 - 958 / 1
29.06.2023
СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

## НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 99**

**Скопје, 29.6.2023 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на стратешки менаџмент (50605), менаџмент во администрација (50615) и друго (50624 на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 12**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн (20100) и друго (20118) на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 15**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на финансии (50326) и банкарство (50321) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 19**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на општа психологија (51000), психологија на личноста (51009) и статистика во психологија (51019) на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА СТРАТЕШКИ МЕНАЏМЕНТ (50605), МЕНАЏМЕНТ ВО АДМИНИСТРАЦИЈА (50615) И ДРУГО (50624) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр.14-809/2 од 12. 5.2023 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки, одржана на 12 мај 2023 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на стратешки менаџмент (50605), менаџмент во администрација (50615) и друго (50624) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „*Слободен печат*", на ден 21. 3.2023 година, и во предвидениот рок се пријави:

1. *Вон.проф. д-р Снежана Христова*

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно – научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Снежана Христова е родена на 01.12.1977 година во Гостивар. Средното образование го завршува во гимназијата „Панче Поповски", во Гостивар. Дипломира во 2001 година на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на департментот економија.

Во учебната 2002 година завршува специјалистички курс по „Финансиски менаџмент" на факултетот Влерик во Гент, Белгија по што ги започнува магистерските студии на Факултетот за менаџмент во Нијмеген, при Радбауд Универзитет, Холандија. Откако во 2005 година, се стекнува со дипломата Магистер во областа на меѓународен менаџмент, навлегува подлабоко во научно-истражувачката дејност.

Во 2007 година се вработува на Универзитет Американ Колеџ Скопје како асистент на катедрата за Факултетот за деловна економија и организациони науки. Во 2013 година ги завршува своите докторски студии на Економскиот факултет во Скопје, во област економски науки, со одбрана на тезата „Локалната самоуправа и локалниот економски развој: стратегии и перспективи во Република Македонија".

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Во доменот на наставно-образовната дејност, д-р Снежана Христова е избрана во звање доцент на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во 2013 година, а во 2018 година е избрана за вонреден професор. Во целокупниот досегашен ангажман на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, Снежана Христова држи повеќе предмети на додипломски, постдипломски студии и докторски студии, меѓу кои се Деловно планирање, Основи на менаџмент, Корпоративни и бизнис стратегии, Бизнис стратегии и иновации за

конкурентска предност, а менторира и додипломски, магистерски и докторски тези од истите области.
Во текот на своето усовршување, кандидатката завршува неколку тренинг програми од различни дисциплини, меѓу кои најзначајни се Академијата за Лидерство спроведена од Центарот за развој и демократија при Универзитетот Стенфорд и Академијата за Иновациско Лидерство спроведена и финансирана од Шведскиот институт. Воедно Снежана Христова е алумна и стипендист на програмата Фулбрајт, при што во академската 2022/23 година ги завршува пост-докторските студии на Универзитетот Кентаки, со фокус во областа на стратешка комуникација.
Во нејзиниот работен ангажман, Снежана исто така учествува како експерт во различни национални и меѓународни проекти финансирани од реномирани организации, како Еразмус плус и програмата HEI/Horizon 2020 на Европската Комисија. Соработува со повеќе истражувачи од земјава и странство, а има остварено и неколку стручни престои на универзитети во странство меѓу кои се ВШЕМ во Република Чешка, Економски факултет од Братислава во Словачка, Факултетот за туризам и менаџмент во Опатија, Хрватска и ЕДЕМ факултетот во Валенсија, Шпанија.
За Декан на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ за првпат е избрана во декември 2017 година и дополнително во 2020 година со уште еден сеуште актуелен мандатен период. Покрај тоа, во нејзиното работно искуство била ангажирана и на други раководни функции меѓу кои позначајни се како Шеф на катедра и Координатор на Докторската Школа за Бизнис администрација при Универзитет Американ Колеџ Скопје.
Нејзините трудови се публикувани во реномирани меѓународни списанија и презентирани на значајни меѓународни конференции од областа на менаџментот и сродни дисциплини со особен фокус во делот на стратегиски и општ менаџмент.
Во декември 2022 година ја публикува првата едиција на учебник по "Планирање и стратегии" во издаваштво на Универзитет Американ Колеџ.
**Планирање и стратегии** / Снежана Христова: Универзитет Американ колеџ, 2022. -
184 стр.
ISBN 978-608-4607-58-8
COBISS.MK-ID 59035909
а) Стратешко планирање -- Високошколски учебници б) Стратешки менаџмент
-- Високошколски учебници

Воедно, во последните 5 години, кандидатката има исто така објавено трудови во меѓународни списанија:

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот | Рецензирано списание | Референтна научна публикација, согласно член 2 т. 24 од ЗВО: 24. „Референтна научна публикација“ |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Misoska T.A, Hristova S., Bundaleska E. (2023, February 2023) How Do Employees' Attitudes Towards "Green Behavior" Relate to Environmental Culture? International Journal of Ecosystems and Ecology Science (IJEES) Vol. 13 (2): 139-152 https://doi.org/10.31407/ijees | 2023 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | Web of Science – импакт фактор 2023: 0.04 |
| 2. Stevcevska S. D., Hristova, S., Stevkova M. (2023). Benchmarking as a Measure of Competitiveness in North Macedonia. Ekonomické rozhľady – Economic Review, 52(1), 4 ─ 28. https://doi.org/10.53465/ER.2644-7185.2023.1.4-28 | 2023 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | EBSCOhost Index Copernicus |
| 3. Hristova, S (2023). Managing Supply Chain and Organizational Performance: An Evidence from the Macedonian Dairy Industry. Timisoara Journal of Economics and Business (TJEB) Vol 15 (2) (in preparation) | 2023 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | EBSCOhost Index Copernicus Google Scholar |
| 4. Hristova, S. (2022) A Study of the Recruitment and Selection Process in the ICT Sector: the HR Perspective and Creating Advantages Journal of Human Resource Management, vol. 25 (1). https://doi.org/ 4628 Armad.2022.25.14 | 2022 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | EBSCOhost Google Scholar |
| 5. Hristova, S., Efremov, K., Filipova, K. (2022). Entry Strategies and the Potential of International Travel Market: Perceptions and Practices of Macedonian Travel Agencies. Czech Journal of Tourism, 11(1-2), 42-59. DOI: http://doi.org/10.2478/cjot-2022-0004. | 2022 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | RePEc/Econ Papers Emerging Citation Index |
| 6. Hristova, S., Mileva, I. (2022) Organizational Culture in SMEs: An Investigation of Managers' vs Employees Perceptions. The European Journal of Applied Economics EJAE 2022, 19(2): 54 - 70 DOI: | 2022 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | Versita Serbian Citation Index |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | http://doi.org/10.5937/EJAE19-3911 | | | |
| 7. | Hristova, S., Mileva, I., Bundaleska, E. (2022). Synergy Effect: How to Capture Value in the Business Strategy? – A Case of IT Business in North Macedonia. Studia UBB Negotia. Volume 67 (LXVII) 2022 DECEMBER Issue No. 4/2022 p.5-23,http://doi.org/10.24193/subbnegotia.2022.4 | 2022 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | RePEc EBSCO Google Scholar |
| 8. | Hristova S., Stevcevska., D, Tanevski S. (2022, September 22). FinTech and the Customer Experience How to Embrace Change in Macedonian Banking Industry. https://doi.org/10.5281/zenodo.7643597 | 2022 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | OpenAIRE |
| 9. | Murgoski T. Hristova S. (2022, September 22). Innovation and new capabilities: the search for a new HR strategy. https://doi.org/10.5281/zenodo.7643425 | 2022 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | OpenAIRE |
| 10. | Dimitrovski D., Hristova S. (2022, September 22). Energy Sector Strategies For Business Model Innovation: Exploiting Synergy For Competitive Advantage. https://doi.org/10.5281/zenodo.7643263 | 2022 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | OpenAIRE |
| 11. | Srbinoska, D., Ljamova, A., and Hristova, S. (2020). Factors affecting the adoption of inventory cost flow method by the Macedonian companies: FIFO, Weighted average, and Specific identification method. Studia UBB Negotia, 65 (3), p.31-76 | 2020 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | RePEc EBSCOhost Google Scholar |
| 12. | Zafirova, A., Hristova, S., and Srbinoska, D. (2021). The Use of Activity-based Management: A Study of Manufacturing Companies in the Republic of North Macedonia, Trends in | 2021 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Economics, Finance and Management Journal, 3(1), p.78-86 | | | |
| 13. Hristova, S., and Srbinoska, D. (2020). Understanding FDI Spillover Effects: Evidence from North Macedonia. Management, 15 (1), p.57-79. | 2020 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | Google Scholar RePec/Econ papers |
| 14. Hristova, S., and Srbinoska D. (2020) Green HR in pursuit of competitive advantage. AICEI Proceedings ISSN 2671-3713 Volume 15 Year: 2020 Issue 1 p.53-63 | 2020 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | EBSCOhost |
| 15. Srbinoska S.D, Hristova S., Mrsik, J. (2020). The Impact of Organizational Characteristics on the Adoption of Contemporary Cost Management Techniques by the Textile Industry in North Macedonia,Journal of Accounting and Management Information Systems, Faculty of Accounting and Management Information Systems, The Bucharest University of Economic Studies, vol. 19(1), pp. 65-88. | 2020 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | RePec/Econ papers |
| 16. Hristova, S., Srbinoska.S. D. (2019). Trade-Off Between Liquidity and Profitability: An Empirical Study of Pharmaceutical Sector in the Republic of North Macedonia, Timisoara Journal of Economics and Business 12(2): pp.127-148; | 2019 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | EBSCOhost Google Scholar |
| 17. Hristova, S., Srbinoska D. (2019). Managing Technology in Macedonian SMEs Context: Perceptions, Practices and Challenges, STUDIA NEGOTIA - Issue no. 3 / 2019 Vol 3, pp. 29-44; | | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | RePEc EBSCOhost Google Scholar |
| 18. Bojadjiev, M., Hristova,S., Mileva, I. (2019). Leadership Styles in Small and Mediumsized Businesses: Evidence from Macedonian Textile Industry, | 2019 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на | EBSCOhost Google Scholar |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Journal of Entrepreneurship and Business Innovation, Macrothink Institute, Year 2019, Vol 6, No 2, pp.1-22; | | рецензија (double blind review) | |
| 19. | Hristova, S., Tomoska, A, Kovachevski, D. (2019) Towards Change management in Tourism: the Evidence from North Macedonia, Czech Journal of Tourism, Sciendo, Vol 8, (1), pp.3-15; | 2019 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | RePEc/Econ Papers Emerging Citation Index |
| 20. | Hristova, S., Kovachevski, D., Mileva,I.,(2019) Strategic Thinking in Macedonian Family Businesses: Perceptions and Practices, UCB Annals-Economy Series, Constantin Brancusi University, Faculty of Economics, vol.1, pp.72-78; | 2019 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | EBSCO Google Scholar |

Д-р Христова континуирано присуствува на различни настани од областите во доменот на стратешко планирање и креирање на стратегии, како и се залага за поттикнување и промоција на претприемништвото со особен фокус на младите претприемачи во насока на подготовка на бизнис планови и развој на нови идеи, како и остварување на контакти со реалниот сектор со цел тие да се стекнат со потребни вештини за справување со предизвиците на пазарот на трудот. Таа исто така постојано ги следи најновите трендови во едукацијата на студенти, пред сѐ во методите на предавање и оценување на студентите. Во последните години, во нејзин интерес се провлекуваат и актуелните трендови на зелената и циркуларната економија и во таа перспектива Снежана присуствувала на повеќе работилници поврзани со темата и се вклучила како истражувач, модератор и говорник на различни проекти и настани од отворен карактер.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Снежана Христова. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека вон. проф. д-р Снежана Христова искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, комисијата заклучи дека д-р Снежана Христова поседува

научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор по група предмети од областа на стратешки менаџмент (50605), менаџмент во администрација (50615) и друго (50624).
Според гореизнесеното, комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки и Универзитетскиот Сенат на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, д-р Снежана Христова, да биде избрана во звањето *редовен професор* по група предмети од областа на стратешки менаџмент (50605), менаџмент во администрација (50615) и друго (50624).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Проф. д-р Стојан Дебарлиев, с.р.
Економски факултет,
Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје

Проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. д-р Ана Томовска-Мисоска, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН (20100) И ДРУГО (20118) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 16-764/2 од 13 април 2023 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн, одржана на 12. 4.2023 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн (20100) и друго (20118) на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.
Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Слободен печат“ на 21. 3.2023 година, и во предвидениот рок се пријави:

- *Вон. проф. д-р Љупчо Јованов*

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***
Вон. проф. д-р Љупчо Јованов, е вонреден професор на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје од 2018 година, каде учествува во изведувањето на наставата на проектантските предметите од областа на внатрешна архитектура и дизајн. Основно и гимназиско образование завршил во Скопје, Р. Македонија. Дипломирал во 1999 година на Архитектонскиот факултет во Скопје при УКИМ, магистрирал 2003 година на Факултетот за драмски уметности во Скопје при УАКС со тема „Сценографијата како визуелна уметност детерминирана во просторот и времето“ под менторство на проф. д-р Јелена Лужина. Овој магистерски труд во 2004 е публикуван под наслов „Сценографија на архитектонскиот простор“ од страна на Факултетот за драмски уметности - Скопје. Докторирал 2013 година на Универзитетот Евро-Балкан - Скопје на Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје со докторската теза: „Пресекот на архитектонскиот театарски простор во око(то) на гледачот“ под менторство на проф. д-р Кокан Грчев. Со долго искуство како архитект и сценограф работи на голем број проекти и истражувања во Македонија. Вон. проф. д-р Љупчо Јованов уште за време на студиите па сè до днес работи како сценограф на низа театарски и филмски проекти во Македонија. Во 2004 година станува Раководител во Агенцијата за заштита на авторски права, Аргил – Евро-Балкан, Скопје. Во 2005 е назначен од Градоначалникот на Град Скопје за Генерален директор на ЈП Градски паркинг - Скопје каде останува на тоа место се до завршување на неговиот мандат во 2009 година. За време на овој период го осовременува и опремува ЈП со нови специјални возила „пајак“, отвара и опремува ново депо за пајак службата, отвара и опремува низа паркиралишта на територија на Град Скопје како и го воведува „зонското паркирање“ на територија на град Скопје. Од претпријатие во 2005 година со 1 вработен во 2009 ЈП Градски паркинг станува респектабилно претпријатие со 120 вработени. Од 2009 до 2013 работи како Асистент по група предмети од областа на внатрешна архитектура и дизајн

на Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС. Од 2013 до 2018 работи како доцент по група предмети од областа на внатрешната архитектура и дизајн на Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС. Од 2018 до денес работи како вонреден професор по група предмети од областа на внатрешната архитектура и дизајн на Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС. Покрај архитектура и сценографија Јованов се занимава и со театарска костимографија како и со графички дизајн при што има изработено низа театарски плакати и програми, корици на книги како и графичко уредување на неколку книги. Покрај ова Јованов се занимава и со литературна дејност, има објавено еден стрип, две новели како и еден драмски текс. за кој од Министерство за култура во 2015 има добиено откупна награда за најдобар драмски текст. Од 1997 па се до денес редовно и успешно изработува современи сценографски и костимографски решенија за низа филмски и театарски проекти во Македонија. Вон. проф. д-р Љупчо Јованов во 2015 година е Добитник на престижната награда „Конкурс откуп на најдобар драмски текст" со драмскиот текст Хенгинг Араунд. Во 2018 од страна на издавачката куќа Метела Ксениа од Белград, на српски јазик е објавена неговата книга раскази „Тотемски жртви".

***Наставно-образовна дејност***

Во септември 2018 избран за Вонреден професор по група предмети од областа на внатрешна архитектура и дизајн на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје.

Во рамките на Факултетот за Архитектура и дизајн на УАКС учество во изведувањето на наставата на следните предмети:

- **Втора година** –Теорија и историја на архитектурата, уметноста и дизајнот 3.
- **Трета година** – Дизајн на урбана опрема.
- **Четврта година** – Архитектура на сценскиот простор, Архитектонско проектирање 2 и Дизајн 1.
- **Петта година** – Архитектонско проектирање 3 и Студио проектирање 3

- Во периодот од 2018 до денес бил Ментор на магистерски труд на 11 студенти од областа на архитектурата.
- Во периодот од 2018 до денес членувал во 36 комисии за одбрана на магистеерски труд.
- Бил член на професорскиот тим кој ја водеше шестата летна школа во Охрид 2018, ФАД - УАКС, тутор Миташ Диксит.
- Бил организатор и координатор на биеналната студентска изложба на Факултетот за архитектура и дизајн во 2019 и 2021 год.

***Стручно-уметничка дејност***

- изработка на сценографско решение за театарската претстава *Среќна нова година* (Турски театар - Скопје), 2018, режија Бојан Трифуновски.
- изработка на дизајн за плакат и програм за театарската претстава *Среќна нова година* (Турски театар - Скопје), 2018, режија Бојан Трифуновски.
- изработка на сценографско решение за театарската претстава *Шепоти од вода* (Струмички народен театар), 2019, режија Срѓан Јаниќиевиќ.
- изработка на сценографско решение за театарската претстава *Животот е прекрасен* (Штипски народен театар), 2021, режија Бојан Трифуновски.
- изработка на костимографско решение за театарската претстава *Животот е прекрасен* (Штипски народен театар), 2021, режија Бојан Трифуновски.

- изработка на дизајн на плакат и програм за театарската претстава *Животот е прекрасен* (Штипски народен театар), 2021, режија Бојан Трифуновски.
- изработка на сценографско решение за театарската претстава *Циркус Пирандело* (Струмички народен театар), 2022, режија Бојан Трифуновски.
- изработка на костимографско решение за театарската претстава *Циркус Пирандело* (Струмички народен театар), 2022, режија Бојан Трифуновски.
- изработка на дизајн на плакат и програм за театарската претстава *Циркус Пирандело* (Струмички народен театар), 2022, режија Бојан Трифуновски.
- изработка на сценографски решение за тв реклама УСАИД, 2022, режија Огнен Димитровски.
- изработка на сценографско решение за балет за деца *Петар Пан* (Независен проект - МОБ.), 2023, кореографија Ирена Лозинска.

***Општествена дејност***

- Автор на книгата раскази *Тотемски жртви*, 2014, Темплум, Скопје. Објавена на српски под наслов *Totemske žrtve*, 2018, Xenia/Metella - Beograd.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека вон. проф. д-р Љупчо Јованов искажува висока интелектуална, творечка и педагошка вредност. и дека ги исполнува законските услови да биде избран во наставно-научно звање редовен професор, поради што му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн кандидатот вон. проф. д-р Љупчо Јовано да го избере во наставно-научното звање **редовен професор** по стручно-уметнички предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн (20100) и друго (20118) на Факултетот за архитектура и дизајн при УАКС.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
проф. м-р Виолета Бакалчев, с.р.
Факултет за архитектура и дизајн,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Мишко Ралев, с.р.
Факултет за архитектура и дизајн,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Тони Васиќ, с.р.
Факултет за архитектура и дизајн,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИ (50326) И БАНКАРСТВО (50321) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 14-627/4 од 20. 3.2023 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки, одржана на 20 март 2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на финансии (50326) и банкарство (50321) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.
Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Слободен печат” на 22. 2.2023 година. Во предвидениот рок, на конкурсот се пријави:

- *д-р Маја Стевкова-Штериева.*

Врз основа на приложената документација од кандидатката, Рецензентската комисија на Наставно - научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје му го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци за кандидатот***

Д-р Маја Стевкова Штериева е родена 10.12.1970 година во Скопје. Средното образование го завршил во СЕУ Борис Кидрич во Скопје.
Високо образовани има стекнато на Економскиот Факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде се стекнала со звање Дипломиран економист, со просечен оцена на успехот во текот на студирањето од 8,8.

Кандидатката го завршила вториот циклус (магистерски) студии на Економскиот Факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Монетарна економија, со просечна оцена 9,4. Во 2000 година со одбраната на магистерскиот труд “Менаџмент на средства и извори на средства во финансиските институции” се стекнала со стручен назив Магистер на Економски науки од областа Монетарна економија.

Кандидатка се стекнала со научен степен Доктор по економски науки на Економскиот Факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2012 година успешно ја одбранила докторската дисертација “Оперативен ризик и корпоративно управување во финансиските институции, со посебен осврт на банките”

Кандидатката Стевкова Штериева активно зборува англиски, хрватски и српски јазик, а нејзиниот мајчин јазик е македонскиот.

Во моментот, кандидатката е член на управен одбор на Комерцијална банка ад Скопје, каде ја извршува и функцијата Главен финансов директор, надлежна за областите управување со ризици, план и анализа, управување со средства, ликвидност и финансиски пазари, како и дирекцијата за финансиско работење. Во Комерцијална банка работи од 1993 година , на различни позиции и области, каде контонуирано напредувала до највисоките позиции кои ги обавува во мометот. Воедно кандидатката е член на

наздорен одбор на КБ Прво, друштво за управување со пензиски фондови и е Претседател на Македонската банкарска асоцијација. Имајки во предвид триесетгодишното банкарско искуство и бројните области и активности може јасно да се заклучи дека се работи за истакнат стручњак од праксата. Во продолжение е даден преглед на дел од обуките и студиските престои на д-р Маја Стевкова Штериева:

| **Назив на обуката** | **Институција која ја спровела обуката** | **Период на одржување на обуката** |
|---|---|---|
| TCFD for the Financial Sector Focus for Banks, во организација на United Nations Sustainable Stock Exchanges initiative | IFC, webinar | 26-27.10.2022 |
| Program Outline & Participation Requirements of The Executive Program on Corporate Management [EPCM] | AOTS Overseas Cooperation Group, Tokyo, Japan. | 23.07-03.08.2018 г. |
| 8th Regional Investor Conference | Belgrade Stock Exchange and investment bank WOOD & Company | 15.11.2018 |
| MasterCard CEE Business Sumit | MasterCard | 18-20.01.2018 |
| GLOBAL BANKING CONFERENCE 2017, New york | Deutsche bank NY, USA | 26-29.06.2017 |
| Конференција на тема: "Перспективи 2016" | Економија и бизнис, Скопје | 11.11.2016 |
| Форум на Директори на Банките во Република Македонија | Институт на Директори и Меѓународната финансиска корпорација во соработка со Народна Банка на РМ | 20.03-22.03.2015 |
| Семинар на тема „How to Shape the New Future of Your Bank? – Executive Program: A Strategic Management Review" | ATTF Luxembourg | 08-12.06.2015 |
| Обука на тема."Модерни презентациски алатки" | Тренинг центар на Македонска берза | 03.04.2014 |
| Конференција на Македонскиот пазар на хартии од вредност 2014 | Македонска Берза АД Скопје | 16.05.2014 |
| Форум :4th Lugano Fund Forum | Lugano, Switzerland | 24.11-25.11.2014 |
| Форум Internal Audit Forum 2013 | Budapest, Hungary | 21.03-22.03.2013 |
| Конференција на тема: "Exploring Opportunities to Advance Business – University Cooperation" | GLC-Global Leading Conferences | 28.03.2013 |
| Конференција на Македонскиот пазар на хартии од вредност | КХВ, Македонска берза и ЦДХВ | 09.05.2013 |
| Работилница на тема:"Treasury | EBRD, Skopje | 16.06-17.06.2011 |

| | | |
|---|---|---|
| Risk Management” | | |
| 27 конференција на Љубљанската берза | Ljubljanska Berza, Ljubljana, Slovenija | 05-07.05.2010 |
| | | |
| Годишна конференција на Македонската берза | | 29.03-31.03.2007 |
| Семинар тема:”Mortgage securitisation-Making the deal” | Euromoney | 22.02-23.02.2007 |
| Risk Management Program | Georgetown University& UW, USA | 2000 |
| International Capital Markets | Securities Institute London | 1999 |
| Asset Liabilities Management | Euromoney | 1998 |
| Country Risk Management | Euromoney | 1998 |
| Risk Management | Reuters Seminars, Wien | 1995 |

***Наставно-научно и истражувачка дејност на кандидатот***

Кандидатот има повекегодишно искуство во соработка со Универзитетот Американ Колеџ, каде е ангажирана како предавач по предметот “Entrepreneurial Finance”, постдипломдки студии на англиски јазик.

Во текот на студиската 2022/23 година ангажирана е како Предавач за предметот Banking на англиски јазик на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ.

Објавени трудови

**1. Стевкова Штериева, М (2021) Пост-пандемиските изгледи за работа од дома во банките во Република Северна Македонија, Sixteenth Annual International Academic Conference on European Integration – AICEI 2021, pp. 115-130**

**2. Хаџи-Велкова, Б., Милошеска Гавровска, М. и Стевкова Штериева, М (2022) Климатските промени и нивните импликации на финансиските ризици, Economic Development, 24(4), pp. 6–20.**

**3. Петкукески, Љ., Андонов, М., Стевкова Штериева, М. (2020) ‘Правна регулатива на тивките компании во Република Македонија’, International Journal of Social Science Research, 8, p. 73.**

**4. Стевкова Штериева, М. (2022) ‘Важноста на ESG во банкарството за време и по Ковид 19 во С. Македонија’, Economic Development, 24(4), pp. 111–125.**

***Апликативна дејност***

Како активен повекегодишен член на организациите за банкарство во Република Северна Македонија ( во рамките на Стопанската комора на РСМ), а во моментот преку Македонската банкарска асоцијација , воедно и како поранешен претседател на Управен одбор на АБИТ –до јуни 2018 (Академија за банкарство и информатичка технологија) кандидатот континуирано работи на примена и пренесување на научните истражувања и трендови во практиката.

Во периодот 2009-2011 редовен предавач по предметот Управување со ризици во рамките на МБА студиумот при програмата на Стафордшир Универзитетот од Велика

Британија (англиска наставна програма) во соработка со Њујорк Универзитетот Скопје

Од 2013 повремено надворешен соработник во Центарот за стручно образование и обука , во изготвување на средношколски програми за банкарските предмети во средното образование во Република Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесените податоци, рецензентската комисија оценува дека кандидатката покажува богата научно-истражувачка активност, односно дека се работи за истакнат стручњак од праксата и дека ги исполнува законските услови да биде избран во насловно звање, поради што му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје кандидатката д-р Маја Стевкова-Штериева да ја избере во звање насловен **доцент** на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
проф. д-р Анета Крстевска,, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Игор Величковски, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Марјан Петрески, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ОПШТА ПСИХОЛОГИЈА (51000), ПСИХОЛОГИЈА НА ЛИЧНОСТА (51009) И СТАТИСТИКА ВО ПСИХОЛОГИЈА (51019) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 19-887/3 од 15. 6. 2023 година донесена на седницата 5-2023 на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки, одржана на 15 јуни 2023 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на општа психологија (51000), психологија на личноста (51009) и статистика во психологија (51019) на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ колеџ Скопје.
Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „*Нова Македонија*“ на 6 јуни 2023 година и во предвидениот рок се пријави:

*1. д-р Жанета Чонтева*

Врз основа на приложената документација од пријавената кандидатка на Наставно-научниот совет на Факултет за политички науки му го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Жанета Чонтева е родена во Скопје на 28.02.1978 година. Средно образование завршила во СУГС Раде Јовчевски Корчагин. Дипломирала на Институтот за психологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2001 година, со просечен успех 9.55.
Во 2014 година, магистрира на Филозофскиот факултет во Скопје со просечен успех 9,40 и се здобива со звање: магистер по психолошки науки.
Докторска дисертација пријавила во 2019 година на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Улогата на мотивациските фактори и факторите на субјективната добросостојба во разбирање на вербални тестовни содржини кај учениците на 15-годишна возраст во Република Северна Македонија* ја одбранила на 17.5.2023 година. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на психолошки науки.
Д-р Жанета Чонтева е вработена во Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука, како советник за истражување и истражувачки проекти, од 2008 година. Во рамките на своите работни задачи, учествува во процесите на изработка на истражувачки проекти, прибирање и статистичка обработка на податоци, подготовка на извештаи од спроведено истражување. Во овој дел може да се истакне признанието добиено од страна на министерството за образование и наука за извонреден придонес во реализација на меѓународната истражувачка Студија за однесувањата поврзани со здравјето на децата на училишна возраст на 11, 13 и 15 години и нејзиниот одржлив развој во Република Северна Македонија. Д-р Жанета Чонтева е вклучена и во меѓународните истражувачки студии и проекти кои што ги мерат постигнувањата на учениците во подрачјата: Математика, Природни науки, Читање со разбирање. Учествува во давање на директна поддршка на наставниот кадар за подготовка на учениците во нашата земја за постигнување на подобри резултати на меѓународните тестирања. Д-р Жанета Чонтева учествувала во подготовка на проектните апликации и

во реализацијата на меѓународните истражувачки проекти: *Оценување за учење: Дефинирање и примена на критериумите за успех на часовите по Математика и Природни науки* и *Подобрување на квалитетот на физичкото образование во основното образование и презентирање на неговото значење и важност за здравјето и добросостојбата на идните генерации*, во рамки на програмата КА2, ЕРАЗМУС+, како контакт лице од Бирото за развој на образованието.

Д-р Жанета Чонтева, е вклучена во работни групи за изготвување на законски и подзаконски акти со кои се уредува воспитно-образовниот процес во нашата земја (Решение бр.02-1231/1 од 24.9.2019 година за член на работна група за изработка на Национални стандарди за учениците во основното образование, базирани на компетенции кои учениците треба да ги стекнат и усвојат на крајот на основното образование; Решение бр.08-10140/1 од 6.9.2019 година за член на работна група за изготвување на подзаконски акти за инклузивно образование што произлегуваат од Законот за основно образование; Решение бр.08-8179/1 од 7.7.2022 за член на комисија за зајакнување на капацитетите за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието; Решение бр.02-1233/1 од 24.9.2019 година за координатор на работна група за изработка на Програма со содржини за личниот и социо-емоционалниот развој на учениците; Решение бр.02-1239/1 од 24.9.2019 година за координатор на работна група за изработка на подзаконски акт (правилник, упатство) за постапката за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување; Решение бр.02-1245/1 од 24.9.2019 година за координатор на работна група за изработка на Програма за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение; Решение бр.02-570/1 од 13.3.2018 година за координатор на работна група за изработка на предлог модели за пилотирање на програмата за сеопфатно сексуално образование).

Д-р Жанета Чонтева учествувала во процесите на изготвување на бројни концепциски документи за унапредување на воспитно-образовниот процес, како што се: изготвување на Концепција за деветгодишно основно образование, Концепција за Инклузивно образование, Концепција за Граѓанско образование, Концепција за Сеопфатно сексуално образование, Концепција за воннаставни активности. Исто така, д-р Жанета Чонтева била вклучена во изработка на наставни програми, материјали за настава и учење, модули за обука на наставници, реализација на обуки за воспитно-образовниот кадар (во рамки на проектите/програмите за образование за животни вештини/личен развој на учениците, меѓуетничка интеграција во образованието, демократска клима во училиштата, инклузивно образование, професионален и кариерен развој на наставниците и стручните соработници).

д-р Жанета Чонтева има учествувано со трудови на следните меѓународни конференции: International Scientific Conference 75th Anniversary of the Institute of Pedagogy – Educational Challenges and Future Prospects, Ohrid, May 16th – 18th 2022, Faculty of Philosophy, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje; 7th International Scientific Conference Knowledge Based Sustainable Development, May 27, 2021, online-Virtual (Prague, Czech Republic); 16th Annual International Conference on European Integration-AICEI 2021, Post-Pandemic Sustainability in Europe, University American College Skopje, 16.9. 2021; 16th Days of Applied Psychology, Psychology in the World of Science, Nis, Serbia, 25 and 26 September 2020.

***Научно-истражувачка дејност***

Во изминатите пет години д-р Жанета Чонтева ги објавила следните трудови:

- Durchevska Georgieva, G., Chonteva, Z., & Palcevska, S. (2022). Preschool Education and Parent Involvement in Children’s Activities as Determinants of Students’

Performance in Mathematics in the 2019 TIMSS Survey. Во Angeloska Galevska, N., Tomevska-Ilievska, E., Janevska, M., Bugariska, B. (eds.), *Educational Challenges and Future Prospects: Conference Proceedings* (pp. 166-174). Institute of Pedagogy, Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje.

- Чонтева, Ж. (2021). Модел за мерење на мотивацијата за учење од далечина кај средношколци во прва година од средните училишта на град Скопје. *Психологија: наука и практика*, *V*(9-10), 85-108. https://doi.org/10.37509/psyscip
- Chonteva, Zh., Jolevska-Popov, T. & Trajkova, K. (2021). Motivation to Learn Online During and After the COVID-19 Pandemic. Во Stefanovska-Petkovska, M. (ed.), *Post Pandemic Sustainability in Europe* (pp.234-255). University American College Skopje
- Chonteva, Zh. & Trajkova, K. (2021). Lesson Study: Contemporary Motivating Tool for Active and Reflective Learning Approach. Во Bevanda, V. (ed.), *International Scientific Conference ERAZ – Knowledge Based Sustainable Development* (pp.271-283). Association of Economists and Managers of the Balkans. https://doi.org/10.31410/ERAZ.2021
- Хасипи, З., Ајрулаи, А., Трпевска, С. и Чонтева, Ж. (2019). Актуелната сосотојба на инклузија на децата со посебни образовни потреби во основното образование во Република Северна Македонија. Во Костиќ Ивановиќ, В. и Петров, Р. (ур), *70 години организирана едукација, рехабилитација и вработување на лицата со попреченост во Република Северна Македонија* (стр.13-28). Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија
- Бошковска, Р., Ивановска, М., Мицковска, Г., Мојаноска, В., Панкова, Д., Петровиќ, Е., … и Чонтева, Ж. (2020). *Водич за работа на училишниот инклузивен тим-второ ревидирано издание*. Биро за развој на образованието. https://mon.gov.mk/content/?id=3229
- Петроска-Бешка, В., Мицковска, Г., Ајрулаи, А., Чешларов, М., Чонтева, Ж., и Мехмеди, Л. (2020). *Концепција за воннаставни активности во основното образование*. Биро за развој на образованието. https://mon.gov.mk/content/?id=3250
- Ајрулаи, А., Ангеловска, А., Гајтаноски, Т., Георгиева, Л., Исахи Палоши, А., Јанковска, Н.,… и Трајковска, Б. (2020). *Концепт за граѓанско образование во основното образование и насоки за имплементација.* Биро за развој на образованието.
- Трпевска, С., Чонтева, Ж. и Чешларов, М. (2020). *Концепција за инклузивно образование*. Биро за развој на образованието. chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2021/09/Koncepcija-za-inkluzivno-obrazovanie-FINAL-za-pecat.pdf
- Ангеловска, А., Костуранова, Д., Стојаноска Иванова, Т., Чонтева, Ж., Мемеди, И., Ахмети, К., Станојоски, О., … и Урумовска, Д. (2019). *Водич за ученици за Граѓанско образование за 8 одделение.* Македонски центар за граѓанско образование. chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2019/04/Broshura-Gragansko_obrazovanie-VIII.pdf
- Ајрулаи, А., Чешларов, М., Чонтева, Ж. и Мицковска Ралева, А. (2019). *Реализација на наставата по Граѓанско образование во средните училишта-Извештај од*

*испитувањето*. Македонски центар за граѓанско образование. chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.mcgo.org.mk/wp-content/uploads/2020/10/Istrazuvanje-za-gragjansko-obrazovanie-vo-sredno_MK.pdf

- Ајрулаи А., Трпевска, С., и Чонтева, Ж. (2018). *Извештај од истражување: Актуелната состојба на инклузија на децата со посебни образовни потреби во основното образование во Република Северна Македонија*. Биро за развој на образованието. chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/Aktuelna-sostojba-na-inkluzija-na-deca-so-posebni-obrazovni-MK.pdf

| **Труд** | **Објавен во последните 5 години пред распишувањ е на конкурсот** | **Рецензирано списание** | **Референтна научна публикација** |
|---|---|---|---|
| “Preschool Education and Parent Involvement in Children’s Activities as Determinants of Students’ Performance in Mathematics in the 2019 TIMSS Survey”<br><br>https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/24992/1/durchevska%20pedagogy.pdf | Да<br>2022 | | Да |
| Модел за мерење на мотивацијата за учење од далечина кај средношколци во прва година од средните училишта на град Скопје<br><br>https://doi.org/10.37509/psyscip | Да<br>2021 | Да | Да |
| Motivation to Learn Online During and After the COVID-19 Pandemic<br><br>ISBN 978-608-4607-54-0 | Да<br>2021 | | Да |
| Lesson Study: Contemporary Motivating Tool for Active and Reflective Learning Approach<br><br>https://doi.org/10.31410/ERAZ.2021 | Да<br>2021 | | Да |

***Наставно-образовна дејност***

Д-р Жанета Чонтева има наставно искуство, во периодот од 2001 до 2006 била демонстратор на предметите Развојна психологија и Општа психологија на Институтот за социјална работа и социјална политика, Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје; од 2017 до 2021 година работела како предавач на Меѓународниот Балкански Универзитет на Факултетот за психологија за предметот Психолошко тестирање. Д-р Жанета Чонтева беше ангажирана и на катедрата за психологија на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје за предметот Вовед во Статистика и Образовна психологија во 2022 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на погореизнесените податоци, имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, рецензентската комисија оценува дека д-р Жанета Чонтева покажува сериозна научно-истражувачка активност и дека ги исполнува предвидените законски и други услови, и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје да ја избере во насловно звање *доцент* по група предмети од областа на општа психологија (51000), психологија на личноста (51009) и статистика во психологија (51019) на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Проф. д-р Огнен Спасовски, с.р.
Институт за психологија, Филозофски факултет
Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје

Доц. д-р Маја Корубин Ќорлука, с.р.
Институт за психологија, Филозофски факултет
Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје

Проф. д-р Ана Томовска, с.р.
Универзитет Американ колеџ Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

University American College Skopje

ISSN 1857-5323